**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Седумнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 17.11.2025 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на седумнаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Маја Седрак, и Марјан Велевски.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Билјана Бабиќ, Музбајдин Ќамиљи и Владимир Палашевски*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација.*

Седумнаесетата седница на Програмскиот совет започна во 10:09 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Седумнаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 16-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Предлог Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ**
3. **Информација и предлог заклучок за законска исполнетост на репрезентативноста на Синдикалната група на ССНМ во ЈРП МРТ**
4. **Разгледување на допис од Културно-уметничка програма на МТВ2**

Во рамки на расправата по предложениот Дневен ред, членот на Програмскиот совет Беким Лачи побара информација во однос на тоа кога ќе се пристапи кон донесување Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на Директор и Заменик директор на ЈРП МРТ. Претседателот информираше дека изборниот процес е целосно завршен, поради што веќе не важат ограничувањата од член 8-а од Изборниот законик. Во однос на постапката за избор на Директор и Заменик директор беше детално образложено дека истата мора да се спроведе согласно ЗААМУ по следниот редослед: најпрво Програмскиот совет треба да избере нов Надзорен одбор по пат на јавен конкурс; потоа новоизбраниот Надзорен одбор, согласно Законот, треба да даде согласност на предлог-Статутот на МРТ; по донесувањето на новиот Статут, Програмскиот совет ќе донесе Одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на Директор и Заменик директор.

Во таа насока беше појаснето дека на оваа седница е предложена Точка 2 – Предлог-одлука за распишување Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ, како прв чекор во процесирањето на заостанатите постапки кои биле законски одложени. По даденото појаснување и немајќи дополнителни забелешки, предложениот Дневен ред беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 16-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја отвори Седумнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ со тоа што го прочита текстот на Предлог-записникот од Шеснаесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Предлог Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка, што се однесува на Предлог-одлуката за распишување Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор.
Тој истакна дека Надзорниот одбор е тело со суштинска важност за финансиско-материјалното работење на јавниот сервис и дека во согласност со законските рокови и надлежности, Советот на оваа седница треба да ја разгледа одлуката и доколку нема пречки, истата да биде усвоена.
Продолжи дека во одлуката се утврдени условите и документацијата која кандидатите треба да ја достават, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, дека со содржината на предлог-одлуката се запознаени сите членови на Советот и дека одлуката ќе стапи во сила во моментот кога ќе бидат целосно исполнети сите законски предуслови за нејзино спроведување.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Одлуката за распишување Јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Информација и предлог заклучок за законска исполнетост на**

**репрезентативноста на Синдикалната група на ССНМ во ЈРП МРТ**

Понатаму тој продолжи со третата точка што се однесува на информацијата од Синдикалната група на ССНМ и предлог-заклучокот со кој Советот треба да ја потврди нивната законска репрезентативност.
По задолжение на Програмскиот совет од Шеснаесетата седница до Директорот на МРТ и до Надлежните служби на МРТ, доставена е информација за исполнетост на критериумите, односно за законската исполнетост на репрезентативност и релевантност на Синдикалната група на ССНМ со архивски број 03-6374/3 од 11.11.2025 година.
Согласно доставената информација, Програмскиот совет ја разгледа содржината на истата, каде согласно списоците за задршки и бројот на вработени, кој изнесува 593 лица од кои на 135 вработени им е пресметана и задржана членарина за месец октомври, констатираше дека се исполнува законскиот минимум од 20 проценти, како што предвидува член 212 од Законот за работни односи.
По ова Претседателот Давор Пашоски ги покани претставниците од надлежните служби подетално да ја образложат оваа информација и со процесот на утврдување на репрезентативноста на ССНМ.

Збор зема Горан Атанаов, Директор на Заеднички функции и администрација кој рече дека согласно Заклучокот и барањето од Програмскиот совет на МРТ за репрезентативност на ССНМ, доставена е информација каде што се известува дека од вкупниот број на вработени 593 лица, на 135 вработени им е пресметана и задржана членарина за месец октомври.

По ова Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека се исполнети условите за репрезентативност на Синдикалната група на ССНМ во ЈРП МРТ, по што ја стави точката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4: Разледување допис од Културно уметничката програма на МТВ 2**

Претседателот Пашоски ја стави на разгледување последната точка што се однесува на разгледување на доставениот официјален допис од Културно-уметничката програма на МТВ2, кој содржи реакции во однос на уредувачката практики во утринската програма на МТВ2, како и забелешки околу координацијата, обработката на прилози и односите со институциите од културната сфера.

Земајќи го предвид тоа што на членовите на Советот веќе им беше доставен дописот, Претседателот Пашоски поблиску ги запозна со содржината на дописот, посебно осврнувајќи се на:

- укажувањата за отстапувања од концептот на програмата,
- прашањата за неовластено преземање културни теми,
- забелешките за неинформирање или не комуницирање со КУП уредништвото,
- како и за создавање непрофесионални ситуации во односите со културните установи.

Потоа зема збор Бурим Рамадани кој рече дека во описот на утринската програма во програмата за работа на МТВ2, пишува дека утринската програма ќе третира различни теми од сите области.

Следен зема збор Беким Лачи кој рече дека преплетување на теми треба да има, посебно што се однесува до програма како што е утринската програма. Тоа е програма од општ карактер и ги третира сите актуелни теми.

Потоа зема збор Миле Грозданоски кој рече дека доколку некоја тема е актуелна, таа ќе преовладува во речиси сите програми на МРТ и ќе се повторува.

Следен се јави за збор Лазо Трпков кој рече дека е потребно објаснување од двете страни за да се разјаснат работите, при што едното објаснување е доставено до Програмскиот совет, а останува да биде доставено објаснувањето од Одговорната уредничка на МТВ2.

По дискусијата Претседателот Пашоски го предложи следниот заклучок:

Директорот на МРТ да го задолжи Одговорниот уредник на МТВ2 да достави писмен одговор до Програмскиот совет, со целосно образложение за наводите во дописот, преземените активности и мерките за подобрување на меѓуредакциската координација.

Тој образложи дека ваков чекор е неопходен за воспоставување појасни процедури, подобра комуникација и професионална соработка меѓу редакциите.

---

Потоа зема збор Ивана Ефремовски која информираше во врска со покана која пристигнала до Програмскиот совет на МРТ, а се однесува на покана од Советот за етика во медиумите (СЕММ) и Македонскиот институт за медиуми, за заеднички настан што ќе се одржи на 21 ноември, четврток, во 11:00 часот во просториите на АВМУ.
На средбата ќе се дискутира примената на вештачката интелигенција во редакциите, како и предизвиците за саморегулацијата и медиумската писменост што произлегуваат од нејзината употреба.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 20.11.2025 година во 10:45 часот.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Седумнаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 10:34 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6477/5
17.11.2025г.

______________________

Давор Пашоски